Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.02-26 од 28.01.2022 година, согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-440/3 од 07.02.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 4-та седница одржана на 07.02.2022 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, и тоа:

- за истапување на физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted] во [redacted], и

- за пристапување на физичкото лице, [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted] во [redacted].

2. Се задолжува Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-26 од 28.01.2022 г.), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

Доставеното Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-26 од 28.01.2022 г.), од страна на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, се утврди дека е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура.

Агенцијата со цел да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗААВМУ, преку Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија, обезбеди документ „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

други субјекти) – Тековна состојба“, бр.0818-50/150020220022692 од 28.01.2022 г., од која е видно дека физичкото лице [redacted] не се јавува како основач или управител на трговски друштва.

По извршената промена на сопственичка структура, единствен сопственик на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје ќе биде физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted] во [redacted].

Со оглед дека Агенцијата констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура Уп1 бр.02-26 од 28.01.2022 г., Советот на Агенцијата, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**

**Бр. 02-26**
**08.02.2022 година**
**С к о п ј е**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.